## 1.2. Економска активност

*Индустриското производство во јуни 2003 година беше пониско за 2,4% на месечна основа...*

Индустриското производство во Република Македонија во јуни 2003 година беше пониско за 2,4% во однос на претходниот месец. Регистрираното намалување има сезонски карактер и претставува вообичаено движење за овој месец од годината. Со тоа, индустриското производство во 2003 година повторно ја следи вообичаената динамика, од која исклучок претставуваат единствено периодот на Косовската криза и годините во кои се чувствуваше ефектот од безбедносната криза во државата, кога месечната динамика на индустриското производство во поголем дел отстапуваше од вообичаените движења.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(месечни стапки на промена, во%)




Умерениот месечен пад на индустриското производство во јуни 2003 година претставува последица на намаленото производство на енергија, капитални производи и нетрајни производи за широка потрошувачка, при истовремен пораст на производството на трајни производи за широка потрошувачка и интермедијарни производи (освен енергија). Секторски анализирано, месечен пад е регистриран во преработувачкиот сектор и секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода од 2,2% и 5,9%, соодветно, додека во секторот вадење на руди и камен е регистриран пораст од 8,3%. Падот во преработувачкиот сектор, кој опфаќа 89,9% од вкупното индустриско производство, се должи на намаленото производство кај пет значајни индустриски гранки кои сочинуваат најголем дел од вкупното производство (47,6%). Од нив, најголем пад бележи приоизводството на нафтени деривати (78,2%), кој произлегува од високата споредбена основа од претходниот месец. Сепак, кај останатите позначајни гранки од преработувачката индустрија, кои опфаќаат 30,3% од вкупното производство, е регистриран пораст на производството (производство на тутунски производи, текстилни производи, основни метали и други неметални минерали).

Графикон 5
Динамика на индустриското производство
(во %)




*...додека на кумулативна основа е повисоко за 3,5%*

На годишна основа, физичкиот обем на индустриското производство беше речиси непроменет (минимален пад од 0,1%), додека во просек, во првата половина од 2003 година, во однос на истиот период од 2002 година, тој беше повисок за 3,5%. Носители на просечниот пораст се повисокото производство во преработувачкиот сектор (во најголем дел поради високиот пораст на производството на основни метали) и во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода.

*Неповолни движења во реализацијата и откупот на земјоделските производи во мај 2003 година*

Продажбата на земјоделските производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија и задруги во мај 2003 година[2] изнесуваше 205 милиони денари, што е за 44,9% помалку од претходниот месец. Високиот пад во овој месец главно е последица на високата споредбена основа во април, кога беше регистриран највисок износ на реализација на земјоделски производи од почетокот на годината. Од кумулативен аспект, реализацијата на земјоделските производи за првите пет месеци од 2003 година изнесуваше 1.278 милиони денари, или 23,0% помалку споредено со истиот период од претходната година. Со исклучок на реализацијата на житните растенија и рибата, кај останати категории е регистрирано кумулативно намалување, при највисок пад на реализацијата на индустриските растенија од 91,0%. Вкупната вредност на откупените земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители во мај 2003 година изнесуваше 172 милиона денари и забележа месечен пад од 30,5%. Падот се должи на намалениот откуп на индустриски растенија (за 95,6%) и на добиток (за 58,1%), со оглед на тоа дека кај останатите категории е регистриран месечен пораст. На кумулативна основа, во периодот јануари-мај 2003 година во однос на истиот период од 2002 година, вкупната вредност на откупените земјоделски производи беше пониска за 23,8%.

*Кумулативно, прометот во трговијата на мало и трговијата на големо бележи пораст*

Вкупниот промет во трговијата забележа месечен пад од 20,2% во мај 2003 година[3] , согласно намалувањето на прометот во трговијата на мало (за 22,3% во однос на април) и во трговијата на големо (за 19,0%). Споредено со истиот месец од претходната година, кај трговијата на мало е регистрирана негативна годишна стапка од 20,0%, додека трговијата на големо оствари годишен

---

[2] Последен расположлив податок од Државен завод за статистика
[3] Последен расположлив податок од Државен завод за статистика

пораст од 16,6%, така што вкупниот остварен промет се задржа непроменет. Во периодот јануари-мај 2003 година, на кумулативна основа се регистрирани стапки на пораст на трговијата на мало и на трговијата на големо од 1,8% и 21,9%, соодветно.

Графикон 6
Промет во трговија
(во милиони денари)




***Зголемена градежна активност во мај 2003 година***

Во мај 2003 година[4] вредноста на договорените и извршените градежни работи оствари висок пораст на месечна основа, што претставува показател за зголемена градежна активност во овој месец. Така, вредноста на договорените градежни работи во мај беше повисока за 53,7%, што делумно се должи на ниската споредбена основа од претходниот месец, кога беше договорен најмал месечен износ на градежни работи од почетокот на 2003 година. Споредено со истиот месец од претходната година, вредноста на договорените градежни работи е речиси двојно помала, додека кумулативно, во првите пет месеци од 2003 година е повисока за 2,7%. Извршените градежни работи во мај достигнаа највисока вредност анализирано од почетокот на 2003 година остварувајќи пораст од 63,5% во однос на претходниот месец. Високата вредност на извршени градежни работи во мај, кореспондира со пуштањето на новите капацитети за производство на пиво и безалкохолни пијалоци (инвестиција на Скопската пиварница). На годишна основа, вредноста на извршените градежни работи оствари пораст од 7,5%, додека во првите пет месеци од 2003 година таа е кумулативно пониска за 15,5%.

[4] Последен расположлив податок од Државен завод за статистика

Графикон 7
Договорени и извршени градежни работи
(во милиони денари)




**Пораст на бруто домашниот производ во првиот квартал од 2003 година**

Очекувањата за постепено ревитализирање на економијата и интензивирање на целокупната економска активност, на кои е базирана и проекцијата за остварување на реален економски раст на македонската економија во 2003 година од 3%, се потврдија уште во првиот квартал од 2003 година, со остварувањето на реален пораст на бруто домашниот производ од 2,2%* во однос на истиот квартал од 2002 година. Имено, остварениот пораст на индустриското производство (по две години индустриското производство повторно бележи позитивно движење во првиот квартал од годината), порастот на прометот во трговијата и зголемената надворешно-трговска активност (при поинтензивен пораст на извозот), претставуваа поволен макроекономски амбиент за остварување на економскиот пораст, во услови на задржана ценовна стабилност и стабилен девизен курс на домашната валута, како номинално сидро во економијата.

Реалниот пораст на бруто домашниот производ во првиот квартал од 2003 година се должи на позитивните движења регистрирани во секторите кои главно имаат најголемо учество во БДП и кои во истиот период од претходната година бележеа исклучително негативни тенденции. Така, индустрискиот сектор (кој во првиот квартал од минатата година забележа висок пад од 13,9%) оствари пораст од 3,4%, а неговото учество во БДП се зголеми за 0,3 процентни поени и достигна 22,2%. Додадената вредност во земјоделството е повисока за 1,6% (наспроти падот од 2,7% во првиот квартал од 2002 година), но сепак, учеството на овој сектор во БДП остана непроменето. Трговската дејност и секторот "сообраќај, складирање и врски" во првиот квартал од 2003 година оствариja помал интензитет на пораст (4,8% и 1,7%, соодветно) во однос на истиот период од 2002 година, кога тие беа главни неутрализатори на негативните движења кај останатите сектори.

Анализата на расположливите податоци за расходните агрегати на БДП во номинални вредности, укажува на нивни негативни движења во анализираниот период. Најголем пад бележат инвестициите во машини и опрема (26,3%) и јавната потрошувачка (11,9%). Извозот и увозот на стоки и услуги се намалени за 1,4% и 1,7%, соодветно.

* Прелиминарен податок на Државниот завод за статистика.